# ОДГОВОР

**на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Министерот за животна средина и просторно планирање на ден 01.09.2014 година достави забелешки (известување) по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за животна средина и просторно планирање до Државниот завод за ревизија заведени под број 13-277/7.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките (известувањето) на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Законскиот застапник на министерството со доставените забелешки/известување го известува Државниот завод за ревизија дека „ги прифаќа дадените забелешки и препораки", наведувајќи дека утврдените состојби и дадените препораки во извештајот ќе придонесат за подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот на внатрешни контроли во министерството поради што ќе се преземат мерки за целосно спроведување на дадените препораки. Доставените забелешки/известување преставува известување за преземените мерки по дел од дадените препораки.

2. Упатената забелешка на **препораката под реден број 1** која е поврзана со утврдената состојба на точката 2.1.2. од Нацрт извештајот, а која се однесува на законската обврска на министерството да изготви Стратегија за управување со ризици, **претставува известување** за преземените активности од страна на министерството. Имено во текот на ревизијата министерот донесе Решение за формирање на Комисија за изработка на Стратегија за управување со ризик за период 2015-2017 година, која активност соодветно е обелоденета од страна на ревизијата во извештајот на овластениот државен ревизор.

3. Упатената забелешка на **препораката под реден број 3** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.1.4.2.** од Нацрт извештајот а која се однесува на неподнесен квартален извештај од лицето задолжено за неправилности до Единицата во Управата за финансиска полиција, **претставува известување** за преземените активности од страна на министерството по дадените препораки на овластениот државен ревизор. Во прилог на забелешките доставен е доказ од кој може да се констатира дека лицето задолжено за неправилности доставува известување/извештај

за неправилности и сомнежи за измама или корупција при користење на јавни средства до надлежниот орган за првиот и вториот квартал од 2014 година. Преземените активности од страна на министерството соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

4. Упатената забелешка на **препораката под реден број 6** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.2.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на утврдената состојба дека во организациониот облик за јавни набавки не е вклучено лице кое поседува потврда за положен испит за лице за јавни набавки, **претставува известување** за преземените активности по дадената препорака. Во прилог на забелешките доставени се докази од кои може да се констатира дека во одделението за јавни набавки распоредено е лице кое поседува потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Преземените активности од страна на министерството соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај, а дадената препорака изоставена.

5. Упатената забелешка на **препораката под реден број 7** која е поврзана со утврдената состојба на точката 2.2.1., алинеја 4 и 5 од Нацрт извештајот која се однесува на утврдување на критериуми за утврдување на способност на економските оператори и неприложени документи (ИСО сертификати, банкарска гаранција) претставува дополнително доставена документација (ИСО сертификати) – Прилог 5, **преставува известување** за начинот на постапување при истражување на пазарот и воедно доставување на докази кои ревизијата ги имаше на увид во текот на ревизијата. Имено доставениот договор за деловно техничка соработка не е потпишан и печатиран од двете договорни страни, и е со датум пред истекот на веќе склучениот договор; доставениот сертификат кој го поседува економскиот оператор не е сертификатот за квалитет пропишан и баран во поедноставената тендерска документација; дополнително доставената банкарска гаранција е гаранција на понудата, а не гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, за која се однесува утврдената состојба. Доставената гаранција за квалитетно извршување на обврски за надградба на апликативен софтвер не се однесува за набавка која предмет на анализа во Конечниот извештај.

6. Упатената забелешка на **препораката под реден број 8** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.2.2.** од Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на неназначено лице кое ќе обезбеди материјална одговорност и евиденција на извршениот прием и издавање на материјалите, **претставува известување** за преземените активности по дадената препорака. Имено во прилог на забелешките доставено е Упатство за прием и за задолжување со

основни средства и ситен инвентар во МЖСПП заведено под број 02-9064/1 од 27.08.2014 година. Донесувањето на наведеното упатство соодветно ќе биде обелоденето во извештајот на овластениот државен ревизор.

7. Упатената забелешка на **препораката под реден број 9** која е поврзана со утврдената состојба на точката **2.2.2.1.** од Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на пропусти во процесот на инвентарисување на средствата и обврските, **преставува известување** за преземените активности. Неоспорувајќи ги активностите кои ги презема законскиот застапник на министерството за вршење на вонреден попис на средствата во МЖСПП, ревизијата повторно укажува на потребата од доследно почитување на одредбите на член 11 од ЗЈВФК односно да се напушти праксата од инволвирање на лица од ЕФП односно претседател на комисијата да биде раководител на единицата за финансиски прашања.

8. Упатената забелешка на **препораката под реден број 12** која е поврзана со утврдената состојба на точката 3.3. од Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на неизвршена документирана објективна процена на ризиците **претставува известување** за преземените активности по дадената препорака на овластениот државен ревизор. Преземените активности од страна на министерството соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

9. Упатената забелешка на **препораката под реден број 13** која е поврзана со утврдената состојба на точката **3.4.** од Нацрт ревизорскиот извештај која се однесува на утврдени промени во бројот на извршители и периодот на извршување на ревизиите и потребата од менување на Годишниот план за внатрешна ревизија на министерството и преземање на активности за известување на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии **претставува известување** за преземените активности за постапување по дадената препорака на овластениот државен ревизор. Законскиот застапник во прилог на забелешките достави докази меѓу кои и Измена на план за извршување на внатрешната ревизија за 2014 година како и писмо упатено до надлежното министерство со кое се врши доставување на наведените измени. Преземените активности од страна на министерството соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај, а дадената препорака изоставена.